| | |
|---|---|
| Дата: | 19.06.2026 |
| Архивски број: | 34 – 18 /2 |
| До: | - **Министерство за финансии**<br>- **Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија** |
| Предмет: | Реакција на Предлогот на закон за игрите на среќа и за забавните игри |

Почитувани,

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на 12.седница одржана на 16.06.2026 година, се информираше за Реакцијата на Мрежата за заштита од дискриминација, Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, Платформата за родова еднаквост и Македонската платформа против сиромаштија на Предлогот на закон за игрите на среќа и за забавните игри.

Согласно член 16 став 1 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на РМ" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на РСМ" бр.251/22), средствата остварени по сите основи од приредувањето на игри на среќа и забавни игри се користат за финансирање на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија на граѓани за борба против семејното насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија.

Со новото законско решение предложено во член 18 став 1 од Предлогот на закон за игрите на среќа и за забавните игри, утврден од Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12.05.2026 година и разгледан на 104. седница на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 11.06.2026 година (I читање), уплатените средства по сите основи од приредувањето на игри на среќа и забавни игри во Буџетот на Република Северна Македонија се користат за финансирање на ранливи категории, на стари изнемоштени лица, за жртви на семејно насилство и за лица со инвалидитет и посебни потреби.

Со предложеното законско решение се брише основот граѓанските организации, националните инвалидски организации и Црвениот крст на Република Северна Македонија да добиваат средства од средствата остварени од приредувањето на игри на среќа и забавни игри, за работа со ранливи категории на граѓани, со што се става во ризик одржливоста на услугите и програмите кои ги нудат граѓанските организации, инвалидските организации и Црвениот крст и дополнително се остава можност за злоупотреба на најранливите групи во општеството.

При подготовка на Предлогот на закон за игрите на среќа и за забавните игри Министерството за финансии не ги почитуваше минималните стандарди за консултации со засегнатите страни и текстот на предлог-законот не беше објавен за коментари на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), спротивно на обврската утврдена во член 25 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.276/24), Методологијата за проценка на влијанието на регулативата и Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата, ниту пак беше консултиран Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество смета дека извршната и законодавната власт треба да се:

- заложат за создавање на транспарентен и отчетен механизам за распределба на средствата, заснован на јавни повици, јасни критериуми, докажана експертиза, квалитет на услугите и реалните потреби на граѓаните.
- јавна расправа и консултации со граѓанските организации, мрежите, националните инвалидски организации, организациите што работат со жртви на насилство, Црвениот крст и другите релевантни чинители при измени и дополнувања на овој Закон.

Воедно, Советот укажува на неопходноста од транспарентен и инклузивен процес на креирање на јавните политики кои влијаат на развојот на граѓанскиот сектор и јасно препознавање на граѓанските организации како партнер на институциите во креирањето и реализацијата на стратешките цели на државата.

Со почит,

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова

ПРИЛОГ: Граѓанските организации со барање до пратениците да не ги поддржат измените на Законот за игри на среќа и да ја заштитат демократијата во Северна Македонија